# Општина Кочани

Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање на културен настан „ Духовна академија “ по повод Петровден , празник на Кочани од 26.06. 2024 година, Комисијата за организирање на културен настан „ Духовна академија “ по повод Петровден , празник на Кочани распишува:.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 03 - 609/15
26.06 2024 год.
КОЧАНИ

## О Г Л А С

**за организирање на културен настан „ Духовна академија “ по повод Петровден , празник на градот Кочани**

1. Културниот настан „ Духовна академија “ по повод Петровден , празникот на Кочани да се одржи пред црковен храм Св.Вмч Георгиј во Кочани на 11.07.2024 година во 19 часот;

2. За културниот настан да се ангажира настап на популарниот естраден уметник Сузана Спасовска со изведување на песни од албумот со православни црковни песнопеења наречен „Терирем“ придружувана од 5 псалти од Црковен клирос Пелагонитиса.

3. Износот на средства кои Општина Кочани ги издвојува за организирање на настанот се бруто 62 000,00 ден.

4. Право на учество на огласот имаат здруженија на граѓани, регистрирани во Централен регистар на РС Македонија од Кочани и пошироко.

5. Предност ќе имаат здруженијата кои понудиле најповолна цена, односно цена која не го надминува лимитот од 62.000 денари бруто износ или е пониска од истиот.

6. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

7. Општина Кочани има обврска да ги изврши организациски подготовки за реализација на настанот во соработка со Црковниот храм Св. Вмч. Георгиј од Кочани: да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на настанот, да обезбеди озвучување, столови и сл..

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

8. Обврска на Здружението е да обезбеди настап на популарниот изведувач Сузана Спасовска со присуство на 5 псалти кои ќе ја придружуваат. Настанот ќе трае 30 минути.

9. Обврска на здружението е по завршување на настанот да даде извештај за завршените активности;

Претседател на Комисијата

Аника Илијевска Ѓоргиева